**ОПШТИНА КАРПОШ**

**Одделение за поддршка и организација на работата на Советот**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

# ЗАПИСНИК

## од 60 (Шеесеттата) редовна седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година (четврток)

Шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 23 јануари 2025 година (четврток), со почеток во 10.32 часот, во просториите Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 23 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Добрила Андоновска, Зоран Краљевски, Убавица Игнатовска, Предраг Станковски, Адријана Јакимовска Панчевска, Александар Илиески, Христо Саракинов, Виолета Куновска, Владимир Бислимовски, Марин Докузовски, Дејан Лазаревски, Гордана Ивановски Велковска, Мартин Димоски, Бранко Ристов, Ивана Петковска, Славко Митевски, Невена Георгиевска, Татјана Стојановска, Давор Грче, Јахји Мемедов, Александра Антевска, Наталија Спировска и Благица Цветановска.

На 60. седница на Советот присуствуваше Секретарот на Општина Карпош Весна Стефанова, како и раководители на сектори од Општината, со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

На 60.седница присуствуваше и Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски.

Претседателот на Советот, согласно член 39 од Законот за локална самоуправа, член 16 од Статутот на Општина Карпош и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја отвори 59-та седница на Советот на Општина Карпош по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.

### ПРЕДЛОГ – ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Карпош за 2025 година,
2. Предлог – Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 4.8.1 од ДУП (измена и дополна) за населба Влае 1, дел Б (Одлука бр. 07-1080/1 од 19.07.2002 година)
3. Предлог-Одлука за донесување на техничка исправка ГП 1.42 од ДУП за населба Маврово и водовод, Општина Карпош, (Одлука бр. 07-720/2 од 05.07.2001година)
4. Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.646/57 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето

5. Предлог – Одлука за усвојување на физибилити студија за оправданоста од доделување на договор за воспоставување на ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО за давање услуги за Јавното осветлување во Општина Карпош
6. Предлог-Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје
7. Предлог-Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје
8. Предлог-Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје
9. Предлог-Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје
10. Предлог-Одлука за организирање на продолжен престој во IV (четврто) одделение во општинските основни училишта во Општина Карпош за 2025година
11. Предлог – Одлука за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник
12. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за активностите на Општина Карпош во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2024 година
13. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година;
14. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2024 година;
15. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот од изработка на зелен катастар во Општина Карпош
16. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развој за 2024 година;
17. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште и комунални работи на подрачјето на Општина Карпош за 2024 година;
18. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2024 година;
19. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2024 година;
20. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спортот за 2024 година;

21. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2024 година;
22. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2024 година;
23. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2024 година;
24. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2024 година;
25. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот на месната самоуправа во Општината за 2024 година,
26. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на 48 годишнината од формирањето на Општина Карпош;
27. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2024 година;
28. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавноста за 2024 година;
29. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2024 година;
30. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување на нови лифтови на станбени згради за колективно домување во Општина Карпош за 2024 година;
31. Предлог – Заклучок за усвојување на Извештајот за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти во Општина Карпош за 2024 година
32. Предлог – Одлука за прифаќање на донација од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз – извоз Скопје

Зема збор Градоначалникот кој предложи да се додаде точка на дневниот ред - Предлог – Одлука за одобрување финансиски средства како помош за поправка и санација на постоечки два лифтови на станбена зграда за колективно домување на булевар Партизански одреди бр.155 влез 1 и влез 2 во Општина Карпош Скопје. Посочи дека се работи за навистина исклучителен случај, во кој како Совет, како Општина треба да се излезе во пресрет. Барателот – претседател на заедница на станари на станбена зграда за колективно домување во Општина Карпош на булевар Партизански одреди бр.155/1 и 155/2 во Општина Карпош Скопје, бара одобрување на финансиски средства во износ од 1.000.000.00 денари за санација на постоечки два лифтови. Заедницата на станари веќе била апликант во 2023 година за да го искористи правото за субвенционирање на лифтови

за тековната година (2023 година). Поради промена на претседателството на заедницата на станарите, новото претседателство не успеало да ја комплетираат потребната документација и да ги добијат средствата согласно повикот.

Новото претседателство наследило долг кон изведувачите кои ја извршувале санацијата на постоечките лифтови и поради тоа не можат да добијат Извештај од надзорот за употреба на лифт. Станарите ги користат лифтовите без извештајот што е небезбедно и ризично по животите на станарите на 162 станови. Градоначалникот изјави дека треба да се размисли на изменување на правилниците и да им се излезе во пресрет а граѓаните.

Зема збор членот на Советот Татјана Стојановска која предложи додавање на точка која гласи: **Советнички прашања**

Зема збор Јелена Цветковиќ – од Одделението за подрршка и организација на Советот која образложи додавање на две дополнителни точки. Посочи дека веќе членовите на Советот се запознаени, доставени се предлог точките во материјалите. Конкретно се работи за следите предлог точки: Предлог - Одлука за прифаќање на донација од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз – извоз Скопје и Предлог - Одлука за прифаќање донација од БИС ОИЛ ДОО Скопје.

Претседателот на Совет, предложи доколку се усвои додавање на предлог точката на Градоначалникот да биде предлог точка бр.1 и како таква ја стави на гласање предложената точка како прва точка на дневниот ред.

**-Предлог – Одлука за одобрување финансиски средства како помош за поправка и санација на постоечки два лифтови на станбена зграда за колективно домување на булевар Партизански одреди бр.155 влез 1 и влез 2 во Општина Карпош Скопје**

**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека едногласно е ставена точката Предлог- Одлука за за одобрување финансиски средства како помош за поправка и санација на постоечки два лифтови на станбена зграда за колективно домување на булевар Партизански одреди бр.155 влез 1 и влез 2 во Општина Карпош Скопје како прва точка на дневниот ред.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање предложената точка да се додаде како 34. точка на дневниот ред.

**-Предлог - Одлука за прифаќање на донација од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз – извоз Скопје**

**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека едногласно е ставена точката Предлог - Одлука за прифаќање на донација од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз – извоз Скопје како 34. точка на дневниот ред.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање предложената точка да се додаде како 35. точка на дневниот ред.

**-Предлог – Одлука за прифаќање донација од БИС ОИЛ ДОО Скопје**

**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека едногласно е ставена точката Предлог – Одлука за прифаќање донација од БИС ОИЛ ДОО Скопје како 35. точка на дневниот ред.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање предложената точка да се додаде како 36. точка на дневниот ред.

**-Советнички прашања**

**По спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека едногласно е ставена точката Советнички прашања како 36. точка на дневниот ред.**

Претседателот на Совет го стави на гласање изменетиот и надополнет дневен ред.

Поспроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека едногласно е усвоен следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. **Предлог – Одлука за одобрување финансиски средства како помош за поправка и санација на постоечки два лифтови на станбена зграда за колективно домување на булевар Партизански одреди бр.155 влез 1 и влез 2 во Општина Карпош Скопје**
2. **Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Карпош за 2025 година,**

3. **Предлог – Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 4.8.1 од ДУП (измена и дополна) за населба Влае 1, дел Б (Одлука бр. 07-1080/1 од 19.07.2002 година)**
4. **Предлог-Одлука за донесување на техничка исправка ГП 1.42 од ДУП за населба Маврово и водовод, Општина Карпош, (Одлука бр. 07-720/2 од 05.07.2001година)**
5. **Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.646/57 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**
6. **Предлог – Одлука за усвојување на физибилити студија за оправданоста од доделување на договор за воспоставување на ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО за давање услуги за Јавното осветлување во Општина Карпош**
7. **Предлог-Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје**
8. **Предлог-Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје**
9. **Предлог-Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје**
10. **Предлог-Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје**
11. **Предлог-Одлука за организирање на продолжен престој во IV (четврто) одделение во општинските основни училишта во Општина Карпош за 2025година**
12. **Предлог – Одлука за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник**
13. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за активностите на Општина Карпош во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2024 година**
14. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година;**
15. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2024 година;**
16. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот од изработка на зелен катастар во Општина Карпош**
17. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развој за 2024 година;**

18. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште и комунални работи на подрачјето на Општина Карпош за 2024 година;**
19. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2024 година;**
20. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2024 година;**
21. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спортот за 2024 година;**
22. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2024 година;**
23. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2024 година;**
24. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2024 година;**
25. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2024 година;**
26. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот на месната самоуправа во Општината за 2024 година,**
27. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на 48 годишнината од формирањето на Општина Карпош;**
28. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2024 година;**
29. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавноста за 2024 година;**
30. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2024 година;**
31. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување на нови лифтови на станбени згради за колективно домување во Општина Карпош за 2024 година;**
32. **Предлог – Заклучок за усвојување на Извештајот за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти во Општина Карпош за 2024 година**
33. **Предлог – Одлука за прифаќање на донација од Друштво за градежништво,**

**производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз – извоз Скопје**

34. **Предлог - Одлука за прифаќање на донација од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз – извоз Скопје ;**
35. **Предлог – Одлука за прифаќање донација од БИС ОИЛ ДОО Скопје**
36. **Советнички прашања**

Претседателот на Совет, му даде збор на Славко Митевски – претседател на Комисијата за прописи, да даде извештај од одржаната седница.

Зема збор Славко Митевски – претседател на Комисијата за прописи, кој посочи дека сите точки од дневниот ред се согласно закон, а гласањето на седницата на Комисијата беше поделено со што му се предложува на Советот да ги разгледа и одлучува по истите.

Зема збор Бранко Ристов како претседател на Комисијата за работата на Советот, кој образложи дека на дневен ред на седницата на Комисијата за работа на Советот имало две предложени точки: Предлог – Програма за работата на Советот за 2025 година и Предлог – Заклучок од извештајот од работата на Советот за 2024 година. Истакна дека се усвоени двете точки од дневниот ред на комисијата и му се предложува на Советот истите да ги разгледа и да одлучува.

1. **Предлог – Одлука за одобрување финансиски средства како помош за поправка и санација на постоечки два лифтови на станбена зграда за колективно домување на булевар Партизански одреди бр.155 влез 1 и влез 2 во Општина Карпош Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за одобрување финансиски средства како помош за поправка и санација на постоечки два лифтови на станбена зграда за колективно домување на булевар Партизански одреди бр.155 влез 1 и влез 2 во Општина Карпош Скопје**

2. **Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Карпош за 2025 година**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Зема збор Татјана Стојановска – член на Советот која предложи рокот за полицискиот извештај да се промени, наместо месец јануари да биде месец март.

Забелешката беше прифатена и измената веднаш беше направена.

Претседателот на Совет посочи дека на Комисијата за работата на Советот, исто така беше направена измена во рокот на носење на Буџетски календар за 2026 година кој што е доставен во материјалите.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката со измените ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 17 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2025 година.**

3. **Предлог – Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 4.8.1 од ДУП (измена и дополна) за населба Влае 1, дел Б (Одлука бр. 07-1080/1 од 19.07.2002 година)**

Претседателот на Совет му даде збор на Зоран Краљевски – претседател на Комисијата за урбанизам да даде извештај од одржаната седница на комисијата.

Зема збор Зоран Краљевски кој даде извештај од одржаната комисија, односно извести дека по разгледување и усвојување на седницата на комисијата, предлог – точките се доставуваат на разгледување и одлучување до Советот на Општина Карпош.

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој  не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за донесување на Техничка исправка за ГП 4.8.1 од ДУП (измена и дополна) за населба Влае 1, дел Б (Одлука бр. 07-1080/1 од 19.07.2002 година)**

4. **Предлог-Одлука за донесување на техничка исправка ГП 1.42 од ДУП за населба Маврово и водовод, Општина Карпош, (Одлука бр. 07-720/2 од 05.07.2001година)**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за донесување на техничка исправка ГП 1.42 од ДУП за населба Маврово и водовод, Општина Карпош, (Одлука бр. 07-720/2 од 05.07.2001година)**

5. **Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.646/57 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Зема збор Христо Саракинов – член на Советот кој посочи дека согласно чл.10 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти „Во случај кога е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект чија намена не е во согласност со намената на земјиштето на кое е изграден објектот утврдена во важечката урбанистичко-планска документација, или бесправниот објект е изграден надвор од плански опфат, надлежниот орган донесува заклучок за прекин на постапката и по службена должност доставува барање до советот на општината, односно советот на општината во градот Скопје и Советот на градот Скопје заради донесување одлука дали во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши усогласување на намените, односно дали ќе се изврши проширување на планскиот опфат“. Саракинов изјави дека се работи за објект кој не треба да биде легализиран, кој ниту претходиот состав на Совет не го изгласале односно не го легализирале. Истакна дека согласно законските прописи, нема ДУП и во согласност со тоа не може да биде легализаран. Објектот е надвор од ГУП и е на сама граница од шумата Водно.  Исто така изјави дека не случајно сите предмети се спорни, но на членовите на Советот е да одлучат како ќе постапат, но на крај да не биде дека вмровците се криви.

Зема збор Градоначалникот кој се јави за реплика на Христо Саракинов – член на Советот кој го запраша кој е крив?  Посочи дека со претходниот ГУП обиколницата била многу погоре поставена, но лично Градоначалникот на Скопје инсистирал и ја спуштил границата и со тоа е направен хаос. Обиколницата е спуштена да поминува низ Трнодол, низ Жданец, каде што сега има сериозно проблеми врз основа на урбанистичкиот план.
И практично многу куќи со ГУП от останаа надвор од планскиот опфат. Образожението за спуштање на сообраќајницита било дека доколку се остави погоре, ќе се градело до сообраќајницата а сега со ГУП-от таа е сместена односно поставена низ куќи. Проблем се појавува кај луѓето што поднесуваат за одобрение за градба, бидејќи не смеат да излезат на таа улица, па мора да се направи сервисна улица, и со тоа само е искомплицирано. Проблемот е искреиран исклучиво од ВМРО ДПМНЕ.

Градоначалниот изјави дека се работи за граѓани на Општина Карпош кои си имаат дологогодишни проблеми и доколку законот тоа го дозволува да им се овозможи да си реализираат. Исто така напомена дека се подготвува нов закон за легализација, но доколку се изгласа, Општина Карпош нема да постапува по тие барања за легализација, барањата ќе си ги легализира тој што го носи законот.

Зема збор Претседателот на Совет кој изјави дека генерално за легализации гласал „ПРОТИВ“ зошто или бил против или не знаел за кој дел точно се работи бидејќи никнуваат дивоградби – кој каде стигне. Овој пат се работи за куќа за која точно знае која е. Од говорницата лично има побарано да се спроведе инспекција за дивоградбите за направеното да се провери и што може да се руши бидејќи се работи за узурпација на јавниот простор. Конкретно за овој случај се работи за семејна куќа во која живеат минимум три децении. Лично смета дека нелегализирањето до сега на оваа куќа е неправда затоа овој пат оваа предлог – точка ќе ја поддржи со гласање „ЗА“.

Зема збор Татјана Стојановска - член на Советот, која изјави дека знае дека се изменети многу работи во Советот, со што и програмата за урбанистичко планирање се изгласа и многу чудни работи ќе се случуваат во последните месеци, се обрати кон Мартин Димовски и Бранко Ристов со исказ дека ќе ги прозива за се што биле против а сега гласаат „ЗА“.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 12 гласови ЗА, 4 гласови ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.646/57 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето.**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Зема збор Дејна Јунузовски – претставник од службите кој ја презентираше физибилити студијата.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, 2 гласови ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоена Одлуката за усвојување на физибилити студија за оправданоста од доделување на договор за воспоставување на ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО за давање услуги за Јавното осветлување во Општина Карпош.**

Претседателот на Совет предложи заедничка расправа по следните 4 предлог точки,

односно од точка бр.7 до точка бр.10, а поединечно гласање.

Предлогот со 23 гласови ЗА, беше едногласно усвоен.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точките ги стави на гласање.

1. **Предлог-Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје**

**По спроведеното гласање со 19 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје.**

2. **Предлог-Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје**

**По спроведеното гласање со 17 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје.**

3. **Предлог-Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје**

**По спроведеното гласање со 20 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје.**

4. **Предлог-Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје**

**По спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на**

**работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје.**

5. **Предлог-Одлука за организирање на продолжен престој во IV (четврто) одделение во општинските основни училишта во Општина Карпош за 2025година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за организирање на продолжен престој во IV (четврто) одделение во општинските основни училишта во Општина Карпош за 2025година.**

Предстедателот на Совет, го повика членот на Советот Адријана Панчевска Јакимовска како претседател на комисија урбанистичко планирање да извести за точките кои се разгледувале на комисијата.

Зема збор Адријана Панчевска Јакимовска претседател на Комисијата за финансии која посочи дека комисијата се одржала на ден 17.01.2025 година и итегрално извести за сите точки кои се разгледувале и му предлага на советот да ги разгледа и одлучува по истите.

6. **Предлог – Одлука за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 12 гласови ЗА, 4 гласови ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник.**

Претседателот на Совет предложи заедничката расправа по следните предлог точки, од точка бр.13 до точка бр.32, а поединечно да се гласа по истите.

Предлогот беше усвоен со 19 гласа ЗА и 1 глас ПРОТИВ од членовите на Советот.

Претседателот на Совет отвори заедничка расправа по извештаите.
Се разви кратка дискусија помеѓу членовите на Советот за одредени извештаи.

Претседателот на Совет, го затвори претресот и ги стави предлог – извештаите на поединечно гласање.

7. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за активностите на Општина Карпош во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2024 година**

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 2 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за активностите на Општина Карпош во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2024 година.**

8. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година;**

**По спроведеното гласање со 12 гласови ЗА, 4 гласови ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година.**

9. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2024 година;**

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2024 година.**

10. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот од изработка на зелен катастар во Општина Карпош**

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот од изработка на зелен катастар во Општина Карпош.**

11. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развој за 2024 година;**

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 2 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развој за 2024 година.**

12. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште и комунални работи на подрачјето на Општина Карпош за 2024 година;**

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште и комунални работи на подрачјето на Општина Карпош за 2024 година.**

13. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2024 година;**

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 2 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2024 година.**

14. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2024 година;**

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2024 година.**

15. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спортот за 2024 година;**

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спортот за 2024 година.**

16. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2024 година;**

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на**

**Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2024 година.**

17. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2024 година;**

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2024 година.**

18. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2024 година;**

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 2 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2024 година.**

19. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2024 година;**

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2024 година.**

20. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот на месната самоуправа во Општината за 2024 година,**

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 2 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот на месната самоуправа во Општината за 2024 година.**

21. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на 48 годишнината од формирањето на Општина Карпош;**

**По спроведеното гласање со 12 гласови ЗА, 2 гласови ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на 48 годишнината од формирањето на Општина Карпош**

22. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2024 година;**

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, 2 гласови ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2024 година.**

23. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавноста за 2024 година;**

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, 2 гласови ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавноста за 2024 година.**

24. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2024 година;**

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2024 година**

25. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување на нови лифтови на станбени згради за колективно домување во Општина Карпош за 2024 година;**

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ,**

**констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување на нови лифтови на станбени згради за колективно домување во Општина Карпош за 2024 година.**

26. **Предлог – Заклучок за усвојување на Извештајот за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти во Општина Карпош за 2024 година**

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти во Општина Карпош за 2024 година.**

27. **Предлог – Одлука за прифаќање на донација од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз – извоз Скопје**

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и ја стави точката на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за прифаќање на донација од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз – извоз Скопје**

28. **Предлог - Одлука за прифаќање на донација од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз – извоз Скопје**

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и ја стави точката на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за прифаќање на донација од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз – извоз Скопје**

**29. Предлог – Одлука за прифаќање донација од БИС ОИЛ ДОО Скопје**

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и ја стави точката на гласање.

**По спроведеното гласање со 12 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 2 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за прифаќање на донација од БИС ОИЛ ДОО Скопје.**

**36.Советнички прашања**

Зема збор Убавица Игнатоска – член на Советот која го постави следното советничко прашање:
„Тесната уличка која сеуште е двонасочна, како што напоменав по најново Томе Серафимовски. Таа оди од Партизанска до училиштето QSI од предна страна и после десно низ уличките кон Реплек. Одамна се зборуваше дека ќе е еднонасочна, но ништо од тоа. Сега на овие 8 нови згради колку возила нови , и постоечки и е голем хаос и ужас. Плус на тротоарите нема столпчиња, што е законска обврска, нема пешаците, бебиња во колички, стари лица и инвалиди каде да поминуваат. Одиме по улица. Наместо дозволи за нови градби, сметаме дека Општина Карпош треба да ја реши инфраструктурата во овој дел. Еднонасочна улица од Партизанска десно кон Реплек а во спротивен правец од Женевска, е единствениот спас.“

Зема збор Татјана Стојановска – член на Советот која ги постави следните советнички прашања:
1. „Дали има постапка за издавање на одобрение или е издадено одобрение за градење на делот кај стариот архив односно институтот за социолошко политичко истражување“?
2. „По кој член или алинеја од член од Законот за инспекциска служба се повикуваат од секторот за инспекциска служба, дека одговор на пријава се дава само ако пријавата се достави во хартиен облик преку архива?“
3. Зошто дозволите за градба не се објавуваат на општинската страна во реално време? Во Декември немаше објавено дозволи за градба издадени во Јули ?
4. Во однос на осветлувањето: забелешки од граѓани дека нема улично осветлување на ул. Трифун Боцев во Карпош 4 и проблеми во синхронизираност на ул.Јуриј Гагарин. само информација дали е тоа средено?
5. „Дали има постапка за издавање на одобрение или е издадено одобрение за градење на делот кај стариот архив односно институтот за социолошко политичко истражување“?

6.„Дали инспекциските служби имаат направено увид на градбите кои никнуваат полека на просторот на изгорените бараки на Паризанска , спроти Макпетрол , бидејќи последниве месеци тоа полека се гради, оградено, без табли и известувања за градба?“

Зема збор Невена Георгиевска – член на Советот која ги постави следните советнички прашања:
1. „На кој начин се добиваат градежни дозволи во делови од Карпош каде што нема ДУП, да се објави јавно доколку постои таква процедура?“
2. „Зошто хигиената околу ОУ Владо Тасевски и соседната градинка е во многу лоша ситуација, дали установите имаат проблем со персонал и зошто Општината не се ангажира да помогне бидејќи се работи за деца?“
3.Кој ги пишува соопштенијата на официјалната ФБ страна на општината каде наместо информации од значење за Карпошани, бевме обвинувани исмевани и сл, заради наши постови ( се мисли на НЕзависните советнички)?
4.Која е причината што не е поставен ниту еден споменик кои ги добивме како донација на временско користење пред 2 год?

По исцрпување на точките од дневниот ред, Претседателот на Советот ја затвори 60. редовна седница на Советот на Општина Карпош која заврши во 13:53 часот.

Изработил: Јелена Цветковиќ
Томче Панчевски

**Број: 09-2483/10**
**Датум: 13.03.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Бранко Ристов**